Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 14-985/17
06.07.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / E pranuar: 06.07.21
14-985/17

# Записник од 29-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 12.05.2021 година | **Време** | 11.00 – 12:30 часот |
| **Бр. на седница** | 29-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател на НКБК<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател на НКБК<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Борис Арсов и Петар Тасев (АЕК), Даница Стојчевска (Канцеларија на ЕУ во Скопје), Ариан Ибраими (ЈП МРД), Зоран Мурџев, Сашко Стојчевски и Љубен Талев (независни експерти) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ, Ангел Симов и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 22.04.2021 година.
2. Мислење по предлог Информацијата (со предлог заклучоци) за усвојување правила за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства како и користење на постоечката.

3. Дискусија со претставници на АЕК во однос на:

- додавање на урбани и рурални области во Системот на АЕК за поддршка на имплементација на НОБП (согласно податоци од Заводот за статистика),
- воведување категоризации на деловни субјекти во Системот за поддршка на имплементација на НОБП, (согласно официјалната категоризација на деловни субјекти од Централен регистар).
- вклучување на т.н " Very High Capacity Network" (согласно дефинициите од регулативите на ЕУ) на следното мапирање кое ќе се прави од страна на АЕК на постојни и планирани мрежи,
- цените на бродбенд услугите кои ги обезбедуваат операторите (имајќи го предвид третиот Извештај на НКБК).

4. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 29-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, го претстави предложениот дневен ред за седницата кој беше усвоен од членовите на НКБК.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 27-та седница одржана на 22.04.2021 година, со внесени забелешки од членот Славица Настеска.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, отвори дискусија по однос на Предлог Информацијата за усвојување правила за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечката. Работната верзија на информацијата беше доставена до членовите на НКБК, со цел да можат да се произнесат и да дадат забелешки или сугестии за нејзината содржина. Истата се планира да биде доставена до Владата за усвојување.

Со информацијата се предлага Владата :

- да ги усвои Препораките за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечката кабелска канализација, изготвени од НКБК,
- да ја задолжи Меѓуресорската работна група за меѓусебно усогласување и

измена на регулативата за градење и електронски комуникации, да иницира измени на постоечката регулатива во насока на имплементација на Препораките, а при користењето на слободната кабелска канализација и/или на слободни оптички кабли/влакна изградени со јавни средства, приоритет да има ЈП МРД за изградба и развој на Националната транспортна оптичка мрежа.

**Заклучок 1:** НКБК даде позитивно мислење за Предлог Информацијата за усвојување на правилата за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечката.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во продолжение на седницата претседателот на НКБК отвори дискусија на која учествуваа и претставници на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК).

Зоран Дервишов направи краток осврт за сите потточки истакнувајќи дека нивното спроведување е во насока на имплементација на Националниот оперативен бродбенд план (НОБП) како и на развојот на електронските комуникации.

Буковалов предложи НКБК да достави препораки до директорот на АЕК кои покрај другото ќе имаат за цел целосно усогласување со Европската пракса за приказ и следење на индикаторите во DESI во димензијата Поврзливост:

- во Системот за поддршка на имплементацијата на НОБП на АЕК да се додаде функционалност за приказ на атрибутот „покриеност" според урбани и рурални области (согласно податоците од Државен завод за статистика), како и да се воведе категоризација за атрибутот „деловни корисници" согласно официјалната категоризација на деловни субјекти од Централен регистар.
- при следното мапирање на постојни и планирани јавни комуникациски мрежи, АЕК да ги вклучи и т.н. „Мрежи со многу голем капацитет" (Very High Capacity Network), согласно дефинициите од Директивата (ЕУ) 2018/1972.

Исто така, потребно е АЕК да организира состанок во однос на цените на бродбенд услугите и подобрувањето на ниската распространетост (take-up) на фиксен ултрабрз бродбенд во државата.

**Заклучок 2:** НКБК ќе подготви и достави до АЕК препораки со цел усогласување со Европската пракса за приказ и следење на индикаторите во DESI во димензијата Поврзливост.

**Во рамките на четвртата точка „Разно„** претседателот на НКБК, Буковалов, информира дека Секторот за комуникации од МИОА согласно Програмата за работа на Влада за 2021 година ќе започне со подготовка на Информација до Влада за

обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини, согласно Препораките на НКБК за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ________________